Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-292/2
06-06-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по претставката бр. 08-292/1 од 16.05.2022 година, врз основа на член 40 став 6 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015 и 65/2018) го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Претставката бр. 08-292/1 од 16.05.2022 година, поднесена од лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Прилеп, за покренување на постапка за заштита од дискриминација СЕ ОТФРЛА.

## Образложение

Лицето [redacted] од Прилеп на 16.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) поднесе претставка бр. 08-292/1, со која бара поведување на постапка за заштита од дискриминација.

Наводите во претставката се однесуваат на тоа дека од страна на Министерството за здравство, односно Фондот за здравствено осигурување на подносителот не му се овозможени средства за болничко лекување во странство на неговиот син кој е во коматозна состојба и е со целосно одземена деловна способност, во согласност со член 30 од Законот за здравствено осигурување. Кон претставката приложен е и документ како потврда дека релевантната здравствена установа во РСМ нема минимални материјално технички и кадровски можности за успешен третман на заболениот.

Комисијата на седница одржана на 06.06.2022 година, анализирајќи ја горенаведената претставка со приложената документација, утврди дека не е надлежна да постапува по истата.

Имено, Комисијата разгледувајќи ја претставката утврди дека видно од истакнатите наводи, не се работи за повреда која претставува дискриминација во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), туку содржината содржи елементи на потенцијални противправни дејствија за кои е предвидена друга законска постапка, односно постапка во надлежност на Јавното обвинителство.

Од горенаведените причини, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Скопје,
06.06.2022 година

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација,
Претседател,
м-р Кире Василев

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk